ХРИСТО АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ, претседател на Факултетскиот совет и на Организациониот одбор

# РЕЧ НА ЗАТВОРАЊЕТО НА НАУЧНИОТ СОБИР „МАРКС И НАШАТА СОВРЕМЕНОСТ“ СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ 18 МАРТ 1983 ГОДИНА

ПРИ завршувањето на нашиов научен собир, посветен на големото Марксово дело и на нашата современост, сметаме за потребно да истакнеме неколку заклучоци:

1. Овој научен собир, со сите придружни манифестации го одбележавме во знакот на светското и наше југословенско одбележување на Марксовата јубилејна 100-годишнина. Самиот пристап кон организирањето на оваа сеопфатна активност, треба да се оцени како придонес кон Марксовото дело, што е поврзано со нашата научна, наставна и идејно-политичка работа.

Денес бележиме и крупен историски јубилеј: Основањето на Комунистичката партија на Македонија и формирањето на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија — (19 март 1943 година).

Овој револуционерен организам се создаде во бурното време на Народната и социјалистичката револуција и тоа во срцето на поробена Европа. Затоа, димензиите на овој настан се многукратни, претставуваат единствен пример во современата светска и европска историја.

Тоа е многу крупен настан, превосходно историски чин за историјата на македонскиот народ и народностите во Македонија, за историјата на Комунистичката партија на Југославија.

Тоа е извонредно забележителен и исклучителен придонес кон остварувањето на вековните стремежи на македонскиот народ за национално и социјално ослободување, за создавање на своја сопствена национална држава, што се изрази во создавањето на македонската Република во Федеративна Република Југославија, братската заедница на југословенските народи и народности.

Со оваа неизмерно крупна историска придобивка „. . . Комунистите на Македонија, како што истакна другарот Тито, чесно ги исполнија долгот кон сопствениот народ и спрема народите на Југославија. Се покажа дека само Комунистичката партија на Југославија имала сила и способност да пристапи кон остварувањето на историските стремежи и интереси на македонскиот народ“.

2. Досегашните наши собири, а и овој последниов, ја потврдуваат нашата усмереност кон потворечко, попродлабочено проникнување во Марксовата мисла, неговото теоретско и револуционерно дело.

Главната поента на собирот: „Маркс и нашата современост“, претставува своевиден научен пристап и тоа уште повеќе нè обврзува за нашата натамошна творечка и идејно-политичка ориентација.

Суштински белег на нашиов собир му даде и воведниот реферат на д-р Александар Грличков, во кој мошне актуелно се разгледани современите аспекти на марксистичката мисла. Таква карактеристика треба да им се даде и на поднесените излагања по оваа проблематика што претставуваа придонес кон марксистичката теорија.

На собирот беа поднесени 32 излагања, во кои беа третирани мошне интересни аспекти од поставената главна тема.

3. Посебно е за истакнување живата дебата што се одвиваше во текот на сите денови на собирот. Во дискусијата се покренаа интересни и значајни прашања поврзани со проблематиката што се третираше на оваа научна средба. Во дебатата учествуваа голем број учесници. Дебатата придонесува позабележително да се одбележи актуелноста на живата Марксова реч, на современите аспекти на марксистичката мисла.

4. Најголемата вредност поднесените излагања ќе добијат кога ќе се објават во специјалниот број на „Годишниот зборник“, со што ќе станат достапни на научната јавност и ќе значат наш прилог кон марксистичката мисла, кон историјата на марксизмот.

5. При завршувањето на нашата средба, сакаме да им изразиме посебна благодарност на сите учесници кои поднесоа свои излагања и учествуваа во дебатата.

Покрај наставниците и соработниците од нашиот факултет во работата учествуваа наставници и соработници од другите братски факултети и тоа: од Филолошкиот, Правниот, Економскиот и Математичкиот факултет, потоа од Марксистичкиот центар при ЦК СКМ и други.

Со овој начин на работа што го практикувавме и досега во организирањето на вакви собири, продолжуваме една позитивна практика со што нашиот собир добива универзитетско значење.

Посебна благодарност му изразуваме на Организациониот одбор кој го подготви и организира овој собир и сите манифестации поврзани со ова одбележување на 100-годишнината од смртта на Карл Маркс.

Би сакале да им изразиме срдечна благодарност на секретарите на овој собир, кои вложија големи напори за поуспешно одвивање на работата на научниот собир.

Исто така, сакаме да им благодариме на сите работни луѓе на факултетот посебно на дактилографите од деканатот, на хигиенско-техничката служба и на сите други што помогнаа во подготвувањето и организирањето на овој наш собир.

Најголемо признание им оддаваме на колешките и колегите студентки и студенти на нашиот факултет. Сите тие вложија големи усилби, страст и ентузијазам во подготвувањето и реализирањето на оваа наша манифестација. Нивниот сесрден ангажман претставува огромна потенцијална сила, којашто треба и натаму да се има предвид во нашата секојдневна наставно-образовна и идејно-политичка работа.

Сепак би сакале да ги одделиме колешките и колегите од Историската група, кои вложија најмногу труд во подготвувањето и реализирањето на оваа манифестација.

Во исто време ги поздравуваме и им благодариме на студентите од другите ННСГ посебно од: ОНО, историја, историја на уметноста, социологија, педагогија, психологија и филозофија.

Во сета оваа активност беа ангажирани 130 студенти, со што нашиов собир добива посебна димензија.

Во подготвувањето на сета оваа манифестација голема помош добивме од Студентската задруга, којашто многу успешно го изврши аранжманот во одбележувањето на оваа манифестација.

Сакаме да им изразиме срдечна благодарност на средствата за јавно информирање, кои живо ги следеа нашите манифестации.

НА КРАЈОТ, Ве молам, да завршиме со Интернационалата, со пролетерската ода на радоста, со величествената работничка химна.